IT-04-82-PT
D3-1/8256 quater
08 August 2006

3/8256 quater
HB.

**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

Предмет бр.: ИТ-04-82- ПТ

Датум: 23. јуни 2006

Оригинал: англиски

**ПРЕД СУДСКИОТ СОВЕТ II**

Судија: Судија Албин Есер, Претпретресен судија

Секретар: г. Ханс Холтхуис

Датум на поднесување: 23. јуни 2006

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

# РЕШЕНИЕ ПО ПОДНЕСОКОТ ОД ОБВИНИТЕЛСТВОТО ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПОДНЕСОЦИТЕ ВО ВРСКА СО ПРИФАЌАЊЕ НА ПИСМЕНИ ИЗЈАВИ НА СВЕДОЦИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРАВИЛО 92*BIS*

**Канцеларијата на Обвинителот:**

г. Дан Саксон
г. Вилијам Смит
г. Анеес Ахмед

**Одбрана за Љубе Бошкоски**

Љубе Бошкоски
г-ѓа Едина Решидовиќ

**Одбрана за Јохан Тарчуловски**
г. Антонио Апостолски

**ЈАС, Албин Есер,** претпретресен судија на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот: Меѓународниот суд);

**РЕШАВАЈЌИ ПО** „Поднесокот од Обвинителството за продолжување на рокот за изготвување на поднесоците во врска со прифаќање на писмени изјави на сведоци во согласност со правило 92*bis*" (понатаму во текстот: Поднесок), во кој Обвинителството бара продолжување на рокот до 29. јуни 2006 за да ги поднесе сите поднесоци во согласност со правило 92*bis* од Правилникот за постапка и докази на Меѓународниот суд (понатаму во текстот: Правилник);

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека Обвинителството тврди дека: (1) тие имаат намера да поднесат уште неколку поднесоци во согласност со правило 92*bis*, некои со прилично големи додатоци и, како дел од тој процес, тие ја прегледуваат и ја ревидираат својата листа на сведоци, што ќе им овозможи да „направат конечен предлог за Втора изменета и дополнета листа на сведоци во која ќе се рефлектира значително намалено Главно изведување на сведоци";[1] (2) ќе биде „особено тешко, ако не и невозможно, Обвинителството да ги заврши сите свои поднесоци во согласност со правило 92*bis* пред 11. јуни" бидејќи во моментов само еден Застапник на Обвинителството ја извршува оваа работа и тој мора да оди во Белград за спроведување на некои работи за подготовка на судење за еден друг предмет којшто е закажан да започне во блиска иднина;[2] и, (3) тие се консултирале со бранителот и на Бошкоски и на Тарчуловски во врска со ова прашање и ниту еден од бранителите немал ништо против ова барање.[3]

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека во својата Реакција, бранителот на Тарчуловски изјавува дека тој „не зазема став во врска со барањето на Обвинителството за продолжување на рокот";[4]

**ИМАЈЌИ ПОНАТАМУ ПРЕДВИД** дека Бошкоски доби превод од Поднесокот на македонски на 7. јуни 2006 и дека временскиот период во кој тој би можел да поднесе реакција на тој Поднесок заврши на 21. јуни 2006, а тој нема поднесено реакција;

---

[1] Поднесок, параграф 2.
[2] Поднесок, параграф 3.
[3] *Ibid.*
[4] Реакција од Одбраната на „Поднесокот од Обвинителството за продолжување на рокот за изготвување на поднесоците во врска со прифаќање на писмени изјави на сведоци во согласност со правило 92*bis*", 31. мај 2006, параграф 2.

1/8256 quater

**ИМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека според правило 127(А)(i)*bis* од Правилникот еден Судски совет или Претпретресен судија може, ако биде дадена „добра причина" во поднесок, да го продолжи секој временски рок пропишан според Правилникот;

**ЗЕМАЈЌИ ПРЕДВИД** дека експедитивен судски процес е во најголем интерес на двајцата Обвинети и дека процесот поврзан со поднесувањето на поднесоците според правило 92*bis* во блиска иднина се очекува да доведе до скусување на Главното изведување на докази;

**ЗЕМАЈЌИ ПОНАТАМУ ПРЕДВИД** дека сé уште не е закажан датум за почеток на судењето, па според тоа дека продолжувањето на рокот на Обвинителството за поднесување на поднесоците според правило 92*bis* до 29. јуни 2006 нема да биде на штета на Обвинетите;

**ЗАКЛУЧУВА** дека, во околностите на овој предмет, постои „добра причина" за бараното продолжување на рокот;

**ВРЗ ОСНОВА НА** правило 127(А) (i) од Правилникот;

**СО ОВА ГО ОДОБРУВАМ** барањето во Поднесокот и **НАЛОЖУВАМ** Обвинителството да ги поднесе сите поднесоци во согласност со правило 92*bis* од Правилникот до 29. јуни 2006.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

Датирано од 23. јуни 2006,
Во Хаг
Холандија

(своерачен потпис на оригиналот)
**Судија Албин Есер**
**Претпретресен судија**

**[Печат на Меѓународниот суд]**